ОПШТИНА ,,ГАЗИ БАБА,,

Предлагач: Градоначалник на Општина ,,Гази Баба,,
Г-дин Коце Трајановски

Изготвувач: Сектор за финансии и развој

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2008 ГОДИНА

**Скопје, февруари 2009 година**

## 1. Вовед

### 1.1 Основни податоци за Општината

**Број на жители:** Во Општина Гази Баба живеат 72 277 жители во 20526 домаќинства, од кои според етничката припадност 73,5% се Македонци; 17,3% се Албанци; 2,9%се Срби; 2,9% се Роми; 0,8% се Турци; 0,3% се Власи и 1,3% се останати. Просечна возраст на населението е 32,9 години, од кои до 20 години се 31,3%; до 40 години 62,6%; до 60 години и повеќе 10,3%.

**Површина и населени места:** Општина Гази Баба зафаќа површина од 92 км2 од која голем дел припаѓа на руралниот дел со 59,8 км2 обработливо земјиште. Населени места во општината се: Автокоманда, Железара, Ќерамидница, Маџари, Ченто, Хиподром, Тубарево, Гоце Делчев, Јурумлери, Колонија Идризово, Идризово, Инџиково, Стајковци, Страчинци, Црешево, Смиљковци, Виниче, Булачани, Раштак и Брњарци кои се организирани во 24 месни заедници, 8 во урбаниот дел и 16 во руралниот дел на општината .

### 1.2 Буџет и Одлука за извршување на Буџетот на Општината

Буџетот на Општина Гази Баба за 2008 година и Одлуката за извршување на Буџетот на Општината за 2008 година се донесени на триесет и првата седница на Советот на општината одржана на ден 27.12.2007 година.

Во текот на 2008 година Советот на општината донесе две Одлуки за изменување и дополнување (ребаланси) на Буџетот на Општина Гази Баба за 2008 година и тоа: на триесет и седмата седница на Советот на општината одржана на ден 30.04.2008 година со која се изврши зголемување на планираните средства на буџетот со пренесениот вишок на приходите од претходната година во вкупен износ од 29.630.000,00 дена и на четириесет и втората седница на Советот на општината одржана на ден 24.09.2008 година со која се изврши зголемување на планираните приходи и расходи во буџетот по основ на очекуваното зголемување на приливите на средства во вкупен износ од 58.900.000,00 денари.

Исто така по барање на основните училишта и детските градинки Советот на општината во текот на 2008 година донесе и повеќе Одлуки за пренамени на средствата од блок дотациите во Буџетот за 2008 година, со кои се извршија префрлања на планираните средства од блок дотациите на основните училишта и детските градинки од една во друга подставка во рамките на потпрограмите Н1и М1.

## 2. Завршна сметка за 2008 година
## Остварување на приходите и извршувањето на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба за 2008 година

Во Годишниот извештај за остварување на приходите и извршувањето на расходите на буџетот на Општина Гази Баба за 2008 година е даден приказ на

планираните и реализираните приходи и расходи за 2008 година, на остварените приходи и расходи за 2007 година како и индексите на остварувањето приходите и расходите во однос на планот и во однос на минатата година.

Во годишниот извештај за 2008 година се прикажани одделно планираните и реализираните приходи и расходи на Основниот буџет, на блок дотациите кои служат за финансирање на основните училишта и детските градинки на територија на Општината, на донациите остварени во текот на минатата година, како и на средствата кои служат за самофинансирачките активности кај основните училишта и детските градинки. Податоците за приходите и расходите за 2007 и 2008 година се дадени табеларно и графички по оделни видови на приходи и расходи, по програми и подпрограми и во аналитичка форма по ставки и подставки.

## 2.1. ПРИХОДИ

Вкупните приходи на Буџетот на Општина Гази Баба за 2008 година беа остварени во вкупен износ од 589.719.050,00 денари или 90,16% во однос на вкупно планираните приходи со Буџетот за 2008 година кои изнесуваа 654.100.300,00 денари. Износите на планираните и остварените приходи во 2007 и 2008 година по оделни видови на приходи се дадени во следната табела:

| Реден број | Вид на трошоци | план | извршено | | ИНДЕКС | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2008 | I-12 / 2007 | I-12/ 2008 | 5/3 | 5/4 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | Вкупно основен буџет | 333.040.500 | 169.514.500 | 296.871.050 | 89,14 | 175,1302 |
| 2 | Приходи од донации | 961.000 | 1815500 | 1.399.850 | 145,67 | 77,10548 |
| 3 | Приходи од дотации | 254.845.200 | 36.514.000 | 255.382.300 | 100,21 | 699,4093 |
| 4 | Приходи од самофинансирачки активности | 65.253.600 | 32616500 | 36.065.850 | 55,27 | 110,5755 |
| 5 | ВКУПНО БУЏЕТ | 654.100.300 | 240460500 | 589719050 | 90,16 | 245,25 |

Приходите на Основниот буџет во 2008 година беа остварени во износ од 296.871.050,00 денари или 89,14% во однос на планираните приходи кои за 2008 година изнесуваа 333.040.500,00 денари, приходите од донации беа остварени во износ од 1.399.850,00 денари или 145,67% во однос на планираните кои изнесуваа 961.000,00 денари, приходите од блок дотациите за основните училишта и детските градинки на територија на Општината беа остварени во износ од 255.382.300,00 денари или 100,21% во однос на планираните кои изнесуваа 254.845.200,00 денари приходите од самофинансирачките активности на основните училишта и детските градинки беа остварени во износ од 36.065.850,00 денари или 55,27% во однос на планираните кои изнесуваа 62.253.600,00 денари.

Споредено со реализираните приходи во 2007 година остварените вкупни приходи во 2008 година бележат пораст од 145,25 (индекс 245,25%), од кои приходите на Основниот буџет бележат пораст од 75,12% (индекс 175,12), а приходите од блок дотациите за основните училишта и детските градинки пораст од 599,41% (индекс 699,41%).

Графичкиот приказ на остварените приходи на Општината за 2008 година и на нивната споредба со планираните приходи и со остварените приходи во

2007 година групирани по одделни видови на приходи може да се види од следното:







Аналитичкиот приказ на остварувањето на оделните видови на приходи на буџетот на Општина Гази Баба за 2008 година по ставки и подставки и нивната споредба со планираните приходи и со остварените приходи во 2007 година е даден во следниот табеларен преглед :

## Приходи

| Р бр. | Конто | Вид на приходи | Буџет 2008 | Остварено 1.1.-31.12\07 | Остварено 1.1-31.12/08 | Индекс 6/4 | Индекс 6/5 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | I - ОСНОВЕН БУЏЕТ | | | | | |
| | | 711- данок од доход, од добивка И од капитални добивки | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 711111 | данок на плата на вработени лица | | | | | |
| | | кој се корисници од Буџетот на Р.М. | 4000000 | 2620000 | 2423500 | 60,6 | 92,5 |
| 2 | 711112 | данок на плати на лица во трговски друштва | 8200000 | 6201000 | 6415550 | 78,2 | 103,5 |
| 3 | 711114 | данок на плата остварена во странство | 200000 | 117500 | 118750 | 59,4 | 101,1 |
| 4 | 711132 | данок на др. лични примања остварени во странство | 20000 | 17000 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 5 | 711133 | данок на доход од физицки лица кои се | | | | | |
| | | занимаваат со занаетчиска дејност | 300000 | 197000 | 359600 | 119,9 | 0,1 |
| 6 | 711139 | данок на доход од приходи од занаетчии | | | | | |
| | | според паушал | 0 | 36500 | 71100 | 0,0 | 194,8 |
| | | Се 711(1-6) | 12720000 | 9189000 | 9388500 | 73,8 | 102,2 |
| | | 713- даноци на имот | | | | | |
| 7 | 713111 | данок на имот | 28000000 | 6091500 | 17451950 | 62,3 | 286,5 |
| 8 | 713112 | повискока стапка на данок на имот | 300000 | 25000 | 3700 | 1,2 | 14,8 |
| 9 | 713211 | данок на наследство и подарок | 1500000 | 756500 | 604900 | 40,3 | 80,0 |
| 10 | 713311 | данок на промет на недвижнини и права | 21109000 | 17562500 | 15970550 | 75,7 | 90,9 |
| 11 | 713312 | повисока стапка на данок на промет на недвижнини | 10000000 | 8758500 | 7824200 | 78,2 | 89,3 |
| 12 | 713512 | камата на невремено плаќање на данок на имот | 200000 | 46500 | 313150 | 156,6 | 673,4 |
| | | Се 713(7-12) | 61109000 | 33240500 | 42168450 | 69,0 | 126,9 |
| | | 717- Данок на специфични услуги | | | | | |
| 13 | 717112 | комунални такси за истакнување на фирма,реклама | 4200000 | 2557000 | 4539900 | 108,1 | 177,5 |
| 14 | 717115 | комунални такси за користење на улици | 0 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| | | со патеки и товарни возила | 3000000 | 1961500 | 1710650 | 57,0 | 87,2 |
| 15 | 717116 | комунални такси за јавно осветлување | 30000000 | 11298500 | 20675450 | 68,9 | 183,0 |
| 16 | 717130 | комунални такси за користење на кампови | 100000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 17 | 717134 | комунални такси за поставување на витрини | 385000 | 134000 | 42300 | 11,0 | 31,6 |
| 18 | 717137 | надомест за уредување на градежно земјиште | 117657000 | 53316000 | 125663750 | 106,8 | 235,7 |
| 19 | 717138 | приходи од камати за локални такси | 20000 | 8500 | 17700 | 88,5 | 208,2 |
| | | Се 717 (13-19) | 155362000 | 69275500 | 152649750 | 98,3 | 220,4 |
| | | 722- Такси и надоместоци | | | | | |
| 20 | 722315 | админ. такси кој се плаќаат кај органите | | | | | |
| | | наопштината за списи | 1000000 | 1114000 | 1815350 | 181,5 | 163,0 |
| | | Се 722 (20) | 1000000 | 1114000 | 1815350 | 181,5 | 0,0 |
| | 718134 | Парични казни од комунални прекршоци | 0 | 0 | 344700 | 0,0 | 0,0 |
| | | Се 718 | 0 | 0 | 344700 | 0,0 | 0,0 |
| | | 723- Административни такси и надоместоци | | | | | |
| 21 | 723911 | закупнина на објекти | 200000 | 149000 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 22 | 723914 | приходи од закуп на општински имот | 100000 | 5500 | 148800 | 148,8 | 2705,5 |
| | | Се 723 (21-22) | 300000 | 154500 | 148800 | 49,6 | 96,3 |
| | | 724- Други владини услуги | | | | | |
| 23 | 724112 | надомест за изработка на | | | | | |
| | | просторни и урбанистички планови | 1000000 | 504000 | 831300 | 83,1 | 164,9 |
| 24 | 724125 | приходи од тендери | 350000 | 336500 | 145000 | 41,4 | 43,1 |
| | | Се 724 (23-24) | 1350000 | 840500 | 976300 | 72,3 | 116,2 |
| | | 725- Други неданочни приходи | | | | | |
| 25 | 725939 | други неданоцни приходи | 600000 | 4080000 | 6020700 | 1003,5 | 147,6 |
| | | Се 725 (25) | 600000 | 4080000 | 6020700 | 1003,5 | 147,6 |
| | | 733- продажба на земјиште и нематеријални вложувања | | | | | |
| 26 | 733119 | надомест за концесија- по основ на простор | 100000 | 65500 | 272550 | 272,6 | 416,1 |
| 27 | 733120 | надомест за концесија- по основ на минерали | 300000 | 226000 | 172200 | 57,4 | 76,2 |
| | | Се 733 (26-27) | 400000 | 291500 | 444750 | 111,2 | 152,6 |
| | | 741- Трансфери од други нивоа на валст | | | | | |
| 28 | 741111 | тековни трансфери од други нивоа на власт | 14000000 | 12200000 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 29 | 741113 | трансфери од буџетите на фондовите | 13500000 | 11375000 | 13683550 | 101,4 | 120,3 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30 | 741114 | преноси на вишок на приходи од предходната година | 25793500 | 13863000 | 25793550 | 100,0 | 186,1 |
| 31 | 741115 | дотации од приходи од ДДВ | 11406000 | 8374000 | 11799400 | 103,4 | 140,9 |
| 32 | 741211 | капитални трансфери од други нивоа на власт | 35500000 | 5517000 | 31637250 | 89,1 | 0,0 |
| | | Се 741 (28-32) | 100199500 | 51329000 | 82913750 | 82,7 | 161,5 |
| | | ВКУПНО ОСНОВЕН БУЏЕТ | 333040500 | 169514500 | 296871050 | 89,1 | 175,1 |
| | | II- Приходи од донации | | | | | |
| | | 725- Други нематеријални приходи | | | | | |
| | 741114 | пренесен вишок на приходи од претх.година | 0 | 0 | 61000 | 0,0 | 0,0 |
| | 743211 | капитални донации | 0 | 0 | 1338850 | 0,0 | 0,0 |
| 33 | 725111 | тековни донации | 961000 | 1815500 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| | | се 725 (33) | 961000 | 1815500 | 1399850 | 145,7 | 77,1 |
| | | ВКУПНИ ДОНАЦИИ (34-36) | 961000 | 1815500 | 1399850 | 145,7 | 77,1 |
| | | III- ПРИХОДИ ОД ДОТАЦИИ | | | | | |
| | | М1- детски градинки | | | | | |
| | | 741- Трансфери од други нивоа на валст | | | | | |
| 34 | 741118 | наменска дотација за активности од социјал. заштита | 53574800 | 11809500 | 54625100 | 102,0 | 462,6 |
| | | Се М1 (34) | 53574800 | 11809500 | 54625100 | 102,0 | 462,6 |
| | | Н- 1 Основно образовние | | | | | |
| | | 741- Трансфери од други нивоа на валст | | | | | |
| 35 | 741117 | наменска дотација за активности од образов. | 200548500 | 18603000 | 200757200 | 100,1 | 1079,2 |
| | | Се 741 (35) | 200548500 | 18603000 | 200757200 | 100,1 | 1079,2 |
| 36 | 741114 | пренесен вишок на приходи од претх.година | 721900 | 1877000 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| | | 741- Трансфери од други нивоа на валст | | 20480500 | | | |
| 36 | 741117 | наменска дотација за превоз на ученици | 0 | 4286000 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| | | Се Н3 ( 36) | 0 | 4286000 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| | | ВКУПНО ДОТАЦИИ (34-36) | 254845200 | 36514000 | 255382300 | 100,2 | 0,0 |
| | | IV- Приходи од самофинансирачки активности | | | | | |
| | | 723- Административни такси и надоместоци | | | | | |
| 37 | 723116 | надоместоци за оброци во училиштата и градинките | 65253600 | 32616500 | 36065850 | 55,3 | 110,6 |
| | | Се 723 (37) | 65253600 | 32616500 | 36065850 | 55,3 | 110,6 |
| | | ВКУПЕН БУЏЕТ (1-37) | 654100300 | 240460500 | 589719050 | 90,2 | 245,2 |

Приходите на Основниот буџет на Општината за 2008 година беа остварени во вкупен износ од 296.871.050,00 денари или 89,14% во однос на планираните. Релативно доброто остварување на приходите на Основниот буџет во 2008 година се должи на високото остварување на приходите од даноците на специфични услуги од 98,3% во однос на планираните, од кои приходите за истакнување на фирма беа остварени со 108,1%, а приходите од надоместокот за уредување на градежното земјиште беа остварени со 106,8%. Исто така во 2008 година повисоко остварување бележат приходите од административни такси кои беа остварени во однос на планираните со 181,5% и на другите неданочни приходи кои беа остварени со 1003,0%

Во 2008 година вкупните приходи од даноци на имот бележат остварување од 42.168.450,00 денари односно од 69,0% во однос на планираните приходи на овие видови на даноци, од кои данокот на имот беше остварен со 62,3% во однос на планираниот, данокот на промет на недвижнини и права беше остварен со 75,7% и приходот од повисоката стапка на данокот на промет на недвижнини и права беше остварен со 78,2%. Ваквото релативно добро остварување на овие даноци е резултат на превземените активности во Општината во 2008 година за зголемување на бројот на даночни обврзници на данокот на имот и за наплатата на данокот на имот, а посебно во делот на

ажурирањето на базата на даночни обврзници што покажува и индексот на остварувањето од 286,5% во однос на 2007 година. Се предвидува дека во наредната година овие приходи ќе се остваруваат во поголем обем и со позабрзана динамика.

Приходите од даноците од доход, од добивка и од капитална добивка во 2008 година беа остварени со 73,8% во однос на планот за 2008 година.

Во 2008 година поголемо остварување бележат приходите од административни такси и надоместоци со 181,5 % во однос на планот за 2008 година, а исто така имавме значително повисоко остварување на другите неданочни приходи во износ од 6.020.700,00 денари, односно со 1003,5% во однос на планираните за 2008 година. Вака високото остварување на овие приходи се должи на префрлените средства во износ од 3.000.000,00 денари од Бирото за регионален развој како и на зголемувањето на сопствените приходи кои ги остваруваат одделните месни заедници.

Приходите од трансфери од други нивоа на власт беа остварени со 82,7% од кои капиталните трансфери беа остварени во вкупен износ од 31.637.250,00 денари односно со 89,1% во однос на планираните. Во 2008 година приходите од ДДВ беа остварени со 103,4%, додека приходите од фондовите беа остварени со 101,4% во однос на планираните, односно од фондот за магистрални и регионални патишта кои служат за финансирање на локалните патишта во извештајниот период од планираните 13.500.000 денари се префрлени средства во износ од 13.683.550,00 денари.

Во 2008 година приходите од донации беа остварени во вкупен износ од 1.399.850,00 денари, односно 145,67% во однос на планираните за 2008 година кои изнесуваат 961.000,00 денари.

Во 2008 година приходите од дотациите за финансирање на основните училишта и детските градинки редовно беа префрлани од ресорните министерства за извршување на активностите кај овие корисници во вкупен износ од 255.382.300,00 денари, односно 100,21% во однос на планираните за 2008 година.Во 2008 година приходите од блок дотациите за финансирање на основните училишта и детските градинки редовно беа префрлани од ресорните министерства за извршување на активностите кај овие корисници во вкупен износ од 255.382.300,00 денари, односно 100,21% во однос на планираните за 2008 година.

Во делот на приходите од самофинансирачките активности на основните училишта и детските градинки, истите беа остварени во износ од 36.065.850,00 денари или 55,27% во однос на планираните кои изнесуваат 62.253.600,00 денари. Иако ниското остварување на овие приходи се должи на нереалното планирање на овие приходи од страна на основните училишта и детските градинки во Општината, истите во однос на 2007 година бележат индекс од 110,58% .

## 2.2. РАСХОДИ

Реализираните вкупни расходи на Буџетот на Општина Гази Баба за 2008 година претставуваат збир на извршените расходи на основниот буџет, на расходите од блок дотациите кои служат за финансирање на основните училишта и детските градинки на територија на Општината, на расходите на

донациите и на расходите од самофинансирачките активности на основните училишта и детските градинки. Во 2008 година се остварени вкупни расходи во износ од 541.185.100,00 денари или 82,74% во однос на вкупно планираните расходи кои за 2008 година изнесуваат 654.100.300,00 денари, што претставува пониско остварување за 17,1 индексни поени во однос на планот.

Планираните и извршените расходи за 2008 година и за 2007 година класифицирани по оделни програми и подпрограми во Буџетот на Општина Гази Баба може да се видат од следнава табела:

## РАСХОДИ

| Реден број | Вид на трошоци | план | извршено | | ИНДЕКС | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2008 | I-12 / 2007 | I-12 / 2008 | 5/3 | 5/4 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | Ао-Совет на општина | 8.300.000 | 5.365.500 | 5.685.050 | 68,49 | 105,96 |
| 2 | До- Градоначалник | 9.759.000 | 5.253.000 | 4.704.750 | 48,21 | 89,56 |
| 3 | Општинска администрација | 81.093.500 | 38.766.500 | 46.461.600 | 57,29 | 119,85 |
| 4 | Ф-1 Урбанистичко планирање | 24.880.000 | 5.944.500 | 11.786.100 | 47,37 | 198,27 |
| 5 | Ф-2 Урбанизирање на градежно земјиште | 2.000.000 | 74500 | 183.950 | 9,20 | 246,91 |
| 6 | ФА- Уредување на градежно земјиште | 131.795.000 | 51.495.500 | 123.738.400 | 93,89 | 240,29 |
| 7 | Ј3- Јавно осветлување | 37.000.000 | 20.597.000 | 36.918.000 | 99,78 | 179,24 |
| 8 | Ј4- Јавна чистота | 1.728.000 | 225.000 | 267.750 | 15,49 | 119,00 |
| 9 | Ј6- Одрж.зашт.на лок.пат.,улици ирежим на сообр. | 1.700.000 | 835500 | 1.002.800 | 58,99 | 120,02 |
| 10 | Ј-7Одржување и користење на паркови и зеленило | 3.000.000 | 750.500 | 1.089.150 | 36,31 | 145,12 |
| 11 | Ј-8 Други комунални услуги | 400.000 | 0 | 0 | 0,00 | 0,00 |
| 12 | ЈД - Изградба и реконструкција на локал. патишта | 15.400.000 | 14.112.000 | 15.355.250 | 99,71 | 108,81 |
| 13 | ЈН- Купување на урбана опрема | 885.000 | 0 | 0 | 0,00 | 0,00 |
| 14 | Н-1 Основно образование | 15.100.000 | 300.000 | 13.012.100 | 86,17 | 4337,37 |
| | ВКУПНО ОСНОВЕН БУЏЕТ | 333.040.500 | 143.719.500 | 260.204.900 | 78,13 | 181,05 |
| 14 | М1-Н1Расходи од блок дотации | 254.845.200 | 35789500 | 245.819.950 | 96,46 | 686,85 |
| 15 | М1-Н1Расходи од самофинанс. активности | 65.253.600 | 30956500 | 35.160.250 | 53,88 | 113,58 |
| 16 | ФД- Расходи од донации | 961.000 | | 0 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО БУЏЕТ | 654.100.300 | 210.465.500 | 541.185.100 | 82,74 | 257,14 |

Вкупните расходи на Основниот Буџет на Општина Гази Баба за 2008 година изнесуваат 260.204.900,00 денари или 78,13% во однос на планираните 333.040.500,00 денари. Ваквото извршување на средствата кај Основниот Буџет на Општината е пониско за 21,87%. На ваквото извршување влијание имаше пониското трошење на средства кај програмите Совет на општина со 68,49% во однос на планот; Градоначалник со 48,21% во однос на планот; Општинска администрација со 57,29 во однос на планот; и кај Програмата за урбанистичко планирање и уредување на просторот со 47,37 % во однос на планот.

Остварувањето на расходите во рамките на планираните за 2008 година беше во делот на програмата за уредување на градежно земјиште каде во овој период се потрошени средства во вкупен износ од 123.738.400,00 денари односно 93,89% во однос на планот, во програмата за јавно осветлување се раеализирани расходи во износ од 36.918.000,00 денари односно 99,78% во

однос на планот и во програмата за изградба и реконструкција на локални патишта се остварени расходи во износ од 15.355.250,00 денари односно 99,71% во однос на планот .

Графичкиот приказ на извршените расходи на Општината за 2008 година и на нивната споредба со планираните расходи и со извршените расходи во 2007 година групирани по одделни видови на расходи и по програми и подпрограми може да се види од следното:







Оделните видови на извршените и планираните расходи аналитички по оделни програми и подпрограми и по одделни ставки и подставки се дадени во следниот табеларен преглед:

## РАСХОДИ

| Реден број | Конто | Вид на трошоци | план 2008 | извршено 1.1-31.12 / 07 | 1.1-31.12/08 | ИНДЕКС 6\4 | 6\5 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | 7 | 8 |
| | | Ао-Совет на општина | | | | | |
| 1 | 401390 | Други надоместоци | 5000000 | 4499500 | 4275300 | 85,5 | 95,0 |
| 2 | 401520 | Персонален данок | 900000 | 613500 | 483200 | 53,7 | 78,8 |
| 3 | 413110 | Тековни резерви(расходи) | 600000 | 252500 | 210000 | 35,0 | 83,2 |
| 4 | 420 | Патни и дневни расходи | 300000 | | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 5 | 421320 | телефон и телефакс | 900000 | | 401100 | 44,6 | 0,0 |
| 6 | 426210 | расходи за репрезентација | 500000 | | 315450 | 63,1 | 0,0 |
| 7 | 426990 | други оперативни расходи | 100000 | | 0 | 0,0 | 0,0 |
| | | Се АО (1-7) | 8300000 | 5365500 | 5685050 | 68,5 | 106,0 |
| | | До- Градоначалник | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 401110 | Основни палти-функционери | 850000 | 627500 | 704700 | 82,9 | 112,3 |
| 9 | 401320 | Надомест за храна | 35000 | 28500 | 29350 | 83,9 | 103,0 |
| 10 | 401330 | Надомест за годишен одмор | 10000 | 8500 | 9300 | 93,0 | 109,4 |
| 11 | 401510 | Персонален данок од доход на плата | 130000 | 80500 | 73900 | 56,8 | 91,8 |
| 12 | 402 | Трошоци за социјално осигурување | 490000 | 338500 | 372150 | 75,9 | 109,9 |
| 13 | 403 | останати придонеси од плати | 4000 | 2000 | 2300 | 57,5 | 115,0 |
| 14 | 412 | постојана резерва(непред.расход) | 300000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 15 | 420 | патни и дневни расходи | 940000 | 218000 | 279500 | 29,7 | 128,2 |
| 16 | 421310 | пошта | 210000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 17 | 421320 | телефон и телефакс | 1200000 | 892500 | 494850 | 41,2 | 55,4 |
| 18 | 421390 | Др.трошоци за комуникација | 60000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 19 | 421410 | горива и масла(моторни возила) | 500000 | 322000 | 190000 | 38,0 | 59,0 |
| 20 | 421420 | регистрација на моторни возила | 60000 | 16000 | 15800 | 26,3 | 98,8 |
| 21 | 423110 | канцелариски материјал | 100000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 22 | 423120 | списанија, весnии и др.материјал | 500000 | 288500 | 174000 | 34,8 | 60,3 |
| 23 | 423710 | средства за одржување на хигиена | 60000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 24 | 424110 | поправка и сервис на лесни возила | 150000 | 70500 | 79550 | 53,0 | 112,8 |
| 25 | 424220 | услуги за обезбедување на објект | 40000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 26 | 424410 | поправка и одржување на мебел | 40000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 27 | 424420 | попр.и одржув.на хардвер и софтверска опрема | 60000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 28 | 424430 | попаравки и одржување на опрема | 70000 | 19000 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 29 | 425260 | осигурување на моторни возиа | 50000 | 0 | 27600 | 55,2 | 0,0 |
| 30 | 425290 | други финансиски услуги | 0 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 31 | 425920 | услуги за печатење копирање и издавање | 900000 | 460500 | 141850 | 15,8 | 30,8 |
| 32 | 426210 | расходи за репрезентација | 1900000 | 1223000 | 1888850 | 99,4 | 154,4 |
| 33 | 426990 | други оперативни расходи | 500000 | 61000 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 34 | 471160 | еднократна парична помош | 600000 | 596500 | 221050 | 36,8 | 37,1 |
| | | се до (8-34) | 9759000 | 5253000 | 4704750 | 48,2 | 89,6 |
| | | ЕО- општинска администрација | | | | | |
| 35 | 401120 | основна плата- државни службеници | 13500000 | 7434500 | 9583500 | 71,0 | 128,9 |
| 36 | 401130 | основни плати- други вработени | 1820000 | 1170000 | 1385300 | 76,1 | 118,4 |
| 37 | 401160 | работа на определено време | 3800000 | 1848500 | 3373100 | 88,8 | 182,5 |
| 38 | 401310 | надомест за превоз | 1200000 | 751000 | 868200 | 72,4 | 115,6 |
| 39 | 401320 | надомест за храна | 2200000 | 1468500 | 2005400 | 91,2 | 136,6 |
| 40 | 401330 | Надомест за годишен одмор | 700000 | 459000 | 631350 | 90,2 | 137,5 |
| 41 | 401510 | персонален данок на доход од плати | 2200000 | 916000 | 958000 | 43,5 | 104,6 |
| 42 | 402 | придонеси за социјално осигурување | 7865000 | 4581500 | 5736150 | 72,9 | 125,2 |
| 43 | 403 | останати придонеси од плати | 57000 | 28000 | 35050 | 61,5 | 125,2 |
| 44 | 420 | патни и дневни расходи | 958000 | 193000 | 131050 | 13,7 | 67,9 |
| 45 | 421110 | електрицна енергија | 1900000 | 632000 | 980900 | 51,6 | 155,2 |
| 46 | 421120 | водовод и канализација | 1000000 | 285000 | 370850 | 37,1 | 130,1 |
| 47 | 421130 | Ѓубретарина | 200000 | 107000 | 111750 | 55,9 | 104,4 |
| 48 | 421190 | други комунални такси | 40000 | 10000 | 4000 | 10,0 | 40,0 |
| | 421210 | централно греење | 200000 | 0 | 92750 | 46,4 | 0,0 |
| 49 | 421240 | течни горива | 2000000 | 1177000 | 1228850 | 61,4 | 104,4 |
| 50 | 421310 | пошта | 500000 | 378000 | 62500 | 12,5 | 16,5 |
| 51 | 421320 | телефон и телефакс | 1800000 | 1424000 | 1909500 | 106,1 | 134,1 |
| 52 | 421390 | други трошоци за комуникации | 200000 | 0 | 300 | 0,2 | 0,0 |
| 53 | 421440 | транспорт на луѓе | 100000 | 12500 | 66500 | 66,5 | 532,0 |
| 54 | 421410 | горива и масла(моторни возила) | 900000 | 330000 | 581500 | 64,6 | 176,2 |
| 55 | 421420 | регистрација на моторни возила | 350000 | 103500 | 88250 | 25,2 | 85,3 |
| 56 | 423110 | канцелариски материјал | 1500000 | 591000 | 840900 | 56,1 | 142,3 |
| 57 | 423120 | списанија, весnии и др.материјал | 350000 | 60000 | 165750 | 47,4 | 276,3 |
| 58 | 423190 | други административни материјали | 70000 | 0 | 16950 | 24,2 | 0,0 |
| 59 | 423210 | материјали за АОП | 300000 | 35500 | 325450 | 108,5 | 916,8 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 60 | 423310 | униформи | 50000 | 11500 | 8450 | 16,9 | 73,5 |
| 61 | 423320 | ОБУВКИ | 50000 | 0 | 18500 | 37,0 | 0,0 |
| 62 | 423410 | прехранбени артикли и пијалоци | 420000 | 197500 | 91250 | 21,7 | 46,2 |
| 63 | 423710 | средства за одржување на хигиена | 100000 | 71500 | 72150 | 72,2 | 100,9 |
| 64 | 423720 | ситен инвертар, алат и др материјал | 300000 | 36500 | 302050 | 100,7 | 827,5 |
| 65 | 423990 | други материјали | 500000 | 287500 | 472600 | 94,5 | 164,4 |
| 66 | 424110 | поправки и сервисирање на лесни возила | 300000 | 171500 | 382050 | 127,4 | 222,8 |
| 67 | 424210 | одржување на објекти | 2500000 | 1142500 | 1057300 | 42,3 | 92,5 |
| | 424220 | услуги за обезб.објекти | 50000 | | 92000 | 184,0 | 0,0 |
| 68 | 424230 | дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 500000 | 26000 | 427000 | 85,4 | 1642,3 |
| 69 | 424390 | Одржување на други градби | 600000 | 62000 | 261150 | 43,5 | 421,2 |
| 70 | 424410 | поправка и одржување на мебел | 100000 | 28000 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 71 | 424420 | попр.и одржув.на хардвер и софрверска опрема | 700000 | 713500 | 176050 | 25,2 | 24,7 |
| 72 | 424430 | поправка и одржување на опрема | 80000 | 32000 | 61550 | 76,9 | 192,3 |
| 73 | 424510 | одржување на зелени површини околу објекти | 100000 | 0 | 5400 | 5,4 | 0,0 |
| 74 | 424590 | одржување на други зелени површини | 0 | 2000 | 1411100 | 0,0 | 70555,0 |
| 75 | 425130 | изнајмување на друг тип на простор | 100000 | 92000 | 43950 | 44,0 | 47,8 |
| 76 | 425220 | банкарска провизија | 30000 | 25500 | 14500 | 48,3 | 56,9 |
| 77 | 425230 | Осигуруавање на вработени | 290000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 78 | 425250 | осигурување на недвижнини и права | 800000 | 0 | 281900 | 35,2 | 0,0 |
| 79 | 425260 | осигурување на мотрни возила | 100000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 80 | 425310 | правни услуги | 500000 | 52000 | 21850 | 4,4 | 42,0 |
| 81 | 425320 | судско вештачење | 100000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 82 | 425630 | испитување на квалитетот на водите | 20000 | 25000 | 3100 | 15,5 | 12,4 |
| 83 | 425790 | други образовни услуги | 200000 | 141000 | 23700 | 11,9 | 16,8 |
| 84 | 425920 | услуги за печатење копирање и издавање | 1493500 | 411000 | 1182050 | 79,1 | 287,6 |
| 85 | 425990 | други договорни услуги | 1200000 | 914500 | 1331650 | 111,0 | 145,6 |
| 86 | 426120 | членарина во домашни организации | 400000 | 127000 | 151050 | 37,8 | 118,9 |
| 87 | 426990 | други оперативни расходи | 910000 | 295500 | 886700 | 97,4 | 300,1 |
| 88 | 463110 | трансфери до здруженија на гргани и фондови | 800000 | 108000 | 639400 | 79,9 | 592,0 |
| 89 | 463120 | трансфери до спортски клубови | 2000000 | 702500 | 830800 | 41,5 | 118,3 |
| 90 | 463150 | трансфери до МЗ | 40000 | 1629500 | 33200 | 83,0 | 2,0 |
| 91 | 463190 | останат трансфери до невладини одганизации | 200000 | 30000 | 31150 | 15,6 | 103,8 |
| 92 | 464110 | Стипендии за студенти | 150000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 93 | 464910 | плаќања на судски решенија | 900000 | 2628500 | 433200 | 48,1 | 16,5 |
| 94 | 464940 | Трансфери до пензионери | 150000 | 84000 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 95 | 464990 | други трансфери | 2000000 | 162000 | 1372100 | 68,6 | 847,0 |
| 96 | 471160 | еднократна парична помош | 3800000 | 1798500 | 925700 | 24,4 | 51,5 |
| | | Се ЕО(34-96) | 68243500 | 36004000 | 44598400 | 65,4 | 123,9 |
| | | ЕА- Капитални трошоци на општината | | | | | |
| 97 | 482920 | изградба на други објекти | 5500000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 98 | 482930 | реконструкција на објекти | 1300000 | 0 | 592550 | 45,6 | 0,0 |
| 99 | 483110 | купување на канцелариски мебел | 500000 | 206500 | 221300 | 44,3 | 107,2 |
| 100 | 483210 | купување на канцелариска опрема | 600000 | 21500 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 101 | 483240 | купување на информат. опрема | 1000000 | 1029000 | 442800 | 44,3 | 43,0 |
| 102 | 483260 | купување на опрема за греење и климатизација | 150000 | 273000 | 168900 | 112,6 | 61,9 |
| 103 | 483290 | купување на друга опрема | 700000 | 563000 | 246650 | 35,2 | 43,8 |
| 104 | 483310 | купување на моторни возила | 2000000 | 483000 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 105 | 485230 | компјутерски софрвер | 600000 | 36500 | 191000 | 31,8 | 523,3 |
| 106 | 486180 | акции и друг капитал | 500000 | 150000 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| | | Се ЕА (97-106) | 12850000 | 2762500 | 1863200 | 14,5 | 67,4 |
| | | Вкупно за општ. адин. ЕО+ЕА(30-94) | 81093500 | 38766500 | 46461600 | 57,3 | 119,8 |
| | | F-1 Урбанистичко планирање | | | | | |
| 107 | 425640 | изработка на просторни и урбанист. планови | 22880000 | 5318500 | 11267050 | 49,2 | 211,8 |
| 108 | 425920 | услуги за копирање печатење и издавање | 200000 | 49500 | 323400 | 161,7 | 653,3 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 109 | 425930 | научно истражување | 200000 | 130000 | | 0,0 | 0,0 |
| 110 | 425940 | рушење на објекти | 1500000 | 446500 | 117900 | 7,9 | 26,4 |
| 111 | 425990 | други договорни услуги | 100000 | | 77750 | 77,8 | 0,0 |
| | | Се F-1 (107-111) | 24880000 | 5944500 | 11786100 | 47,4 | 198,3 |
| | | F-2 Урбанизирање на градежно земјиште | | | | | |
| 112 | 425920 | услуги за печатење копирање и издавање | 1000000 | 74500 | 180450 | 18,0 | 242,2 |
| 113 | 426990 | друго договорни расходи | 1000000 | 0 | 3500 | 0,4 | 0,0 |
| | | Се F-2 (112-113) | 2000000 | 74500 | 183950 | 9,2 | 246,9 |
| | | FA- Уредување на градежно земјиште | | | | | |
| | | (капитални трошоци) | | | | | |
| 114 | 481210 | подготовка на проекти за деловни објекти | 500000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 115 | 481220 | набавка или нова изградба на деловни објекти | 1000000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 116 | 482110 | подготовка на проекти вклуч. дизајн на ул. и пат. | 3325000 | 342000 | 1192050 | 35,9 | 348,6 |
| 117 | 482120 | изградба на улици патишта автопати | 33895000 | 18820500 | 37847350 | 111,7 | 201,1 |
| 118 | 482130 | реконструкција наулици, патишта и автопати | 28675000 | 7465500 | 27077100 | 94,4 | 362,7 |
| 119 | 482310 | подготовка на проекти вклучув. дизајн | 0 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| | | прочистителни станаци и колектори | 300000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 120 | 482320 | изградба на прочистителни станици | 700000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 121 | 482420 | изградба на депонии за одпад | 700000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 122 | 482710 | подг.проекти вклуцувајќи дизајн за водоснабд. | 1000000 | 208000 | 642450 | 64,2 | 308,9 |
| 123 | 482720 | изградба на капацитети за водоснабдување | 19000000 | 3274000 | 18210600 | 95,8 | 556,2 |
| 124 | 482910 | подг.проекти вклуцувајќи дизајн на др. објекти | 1500000 | 23500 | 415200 | 27,7 | 1766,8 |
| 125 | 482920 | изградба на други објекти | 26000000 | 12075500 | 25694950 | 98,8 | 212,8 |
| 126 | 482930 | реконструкција на други објекти | 12500000 | 9078000 | 11771500 | 94,2 | 129,7 |
| 127 | 483110 | купуваењ на канцелариски мебел | 600000 | 0 | 77900 | 13,0 | 0,0 |
| 128 | 483240 | купување на информ. и видео опрема | 800000 | 0 | 727300 | 90,9 | 0,0 |
| 129 | 483290 | купување на друга опрема | 300000 | 21500 | 82000 | 27,3 | 381,4 |
| 130 | 485410 | Земјиште | 500000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 131 | 485420 | надомест за одземен имот | 500000 | 187000 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| | | Се FA (114-133) | 131795000 | 51495500 | 123738400 | 93,9 | 240,3 |
| | | Вкупно F (F1+F2+FA) | 158675000 | 57514500 | 135708450 | 85,5 | 236,0 |
| | | J3- Јавно осветлување | | | | | |
| 132 | 421110 | електрична енергија | 23000000 | 14640000 | 23000000 | 100,0 | 157,1 |
| 133 | 424390 | одржување на други градби | 14000000 | 5957000 | 13918000 | 99,4 | 233,6 |
| | | Се J3(132-133) | 37000000 | 20597000 | 36918000 | 99,8 | 179,2 |
| | | J4- Јавна чистота | | | | | |
| 134 | 421120 | водовод и канализација | 36000 | 45500 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 135 | 421410 | горива и масла(моторни возила) | 52000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 136 | 423720 | ситен инвертар, алат и др материјал | 60000 | 12000 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 137 | 424230 | дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 300000 | 79500 | 149500 | 49,8 | 188,1 |
| 138 | 424390 | одржување на други градби | 1250000 | 88000 | 118250 | 9,5 | 134,4 |
| 139 | 424430 | поправка и одржување на опрема | 30000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 140 | 425990 | други договорни услуги | 0 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| | | Се J4 (134-140) | 1728000 | 225000 | 267750 | 15,5 | 119,0 |
| | | J-6 Одржување и заштиа на локални патишта | | | | | |
| 141 | 424320 | одржување на улици и патишта | 1700000 | 835500 | 1002800 | 59,0 | 120,0 |
| | | Се J-6 (141) | 1700000 | 835500 | 1002800 | 59,0 | 120,0 |
| | | J-7Одржување и користење на паркови и зеленило | | | | | |
| 142 | 421320 | телефон и телефакс | 30000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 143 | 421410 | горива и масла(моторни возила) | 60000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 144 | 423720 | ситен инвертар, алат и др материјал | 20000 | 0 | 14400 | 72,0 | 0,0 |
| 145 | 424440 | поправка и одржување на мшини | 100000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 146 | 424590 | одржување на зелени површини околу објекти | 1990000 | 396500 | 857000 | 43,1 | 216,1 |
| 147 | 425190 | друга опрема | 300000 | 178500 | 13150 | 4,4 | 7,4 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 148 | 425990 | други договорни услуги | 500000 | 175500 | 204600 | 40,9 | 116,6 |
| | | Се J7 - (142-148) | 3000000 | 750500 | 1089150 | 36,3 | 145,1 |
| | | J-8 Други комунални услуги | | | | | |
| 149 | 461130 | субвенции за јавни комун. Претпријатија | 400000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| | | Се J-8 (149) | 400000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| | | JD - Изградба и реконструкција на локал. патишта | | | | | |
| 150 | 482120 | изградба на улици патишта автопати | 10250000 | 9227500 | 10206850 | 99,6 | 110,6 |
| 151 | 482130 | реконструкција на улици патишта и автопати | 5150000 | 4884500 | 5148400 | 100,0 | 105,4 |
| | | Се ЈД (150-151) | 15400000 | 14112000 | 15355250 | 99,7 | 108,8 |
| | | JN - Купување на урбана опрема | | | | | |
| 152 | 483290 | Купување на друга опрема | 885000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| | | Се JN- (152) | 885000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| | | Вкупно J (J3+J4+J6+J7+J8+JD+JN) | 60113000 | 36520000 | 54632950 | 90,9 | 149,6 |
| | | Н-1 осовно образоваие | 11241000 | 0 | 13012100 | 115,8 | 0,0 |
| | | Н-3 Превоз на ученици од осовно образоваие | 3859000 | 300000 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| | | се Н (194+193) | 15100000 | 300000 | 13012100 | 86,2 | 4337,4 |
| | | ВКУПНО ОСНОВЕН БУЏЕТ | 333040500 | 143719500 | 260204900 | 78,1 | 181,1 |
| | | М-1 Детски градинки-дотации | | | | | |
| 153 | 401 | Осн.плати и надоместоци | 30295700 | 0 | 28049500 | 92,6 | 0,0 |
| 154 | 402 | Придон.за соц осигурув.од работодав. | 12414300 | 0 | 11720600 | 94,4 | 0,0 |
| 155 | 421 | Комун.усл.,комуник.,транспорт | 8802900 | 11257500 | 6896900 | 78,3 | 61,3 |
| 156 | 425 | Договорни услуги | 2581300 | 0 | 2702650 | 104,7 | 0,0 |
| | 483 | купување мебел и др.опрема | 0 | 0 | 747900 | 0,0 | 0,0 |
| 157 | 424 | тековно одржување | 102700 | 0 | 747500 | 727,8 | 0,0 |
| | | Се М1-(153-157) | 54196900 | 11257500 | 50865150 | 93,9 | 451,8 |
| | | Н1 - Образование-дотации | | | | | |
| 158 | 401 | Осн.плати и надоместоци | 117597000 | 0 | 115219250 | 98,0 | 0,0 |
| 159 | 402 | Придон.за соц осигурув.од работодав. | 49005500 | 0 | 48408350 | 98,8 | 0,0 |
| 160 | 403 | Остан.придонеси од плати | 300000 | 0 | 188150 | 62,7 | 0,0 |
| 161 | 421 | Комун.усл.,комуник.,транспорт | 25645800 | 24532000 | 22945300 | 89,5 | 93,5 |
| 162 | 423 | ситен инвертар, алат и др материјал | 2800000 | 0 | 3342300 | 119,4 | 0,0 |
| 163 | 425 | Договорни услуги | 5000000 | 0 | 4551500 | 91,0 | 0,0 |
| 164 | 464 | Разни трансфери | 100000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| | 424 | поправки и одржување | 200000 | 0 | 199950 | 100,0 | 0,0 |
| | | Се Н1 (158-164) | 200648300 | 24532000 | 194954800 | 97,2 | 794,7 |
| | | СЕ БЛОК ДОТАЦИИ | 254845300 | 35789500 | 245.819.950 | 96,5 | 0,0 |
| | | ФД-Донации | | | | | |
| 165 | 482 | Други градежни објекти | 961000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| | | СЕ ДОНАЦИИ | 961000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 |
| 166 | | Самофинансирачки активности( М1+Н1) | 65253600 | 30953000 | 35160250 | 53.9 | 113.6 |
| | | | | | | | |
| | | ВКУПНО БУЏЕТ | 654100300 | 210465500 | 541185100 | 82,7 | 257,1 |

За финансирање на **Програмата на Советот на Општината** беа планирани расходи во висина од 8.300.000,00 денари. Во 2008 година беа потрошени вкупно 5.685.050,00 денари или 68,49% во однос на планот, односно 105,96% во однос на 2007 година. Од овие средства најголем дел беа искористени за исплата на паушали и на други надоместоци на советниците во износ од 4.275.300,00 денари односно со 85,5% во однос на планираните и исплатите на трошоците за репрезентација во износ од 315.450,00 денари односно со 63,1% во однос на планираните.

Расходите кои во 2008 година беа извршени за финансирање на активностите на **Програмата на Градоначалникот** во износ од 4.704.750,00 денари, во однос на планираните средства во висина од 9.759.000,00 денари беа остварени со индекс од 48,21%. Во рамките на планираните расходи беа извршени само расходите за репрезентација во износ од 1.888.850,00 денари, односно со 99,41% во однос на планираните, од кои најголемиот дел се однесуваа на средствата потрошени за реализација на разни програмски културни и спортски манифестации, како и за набавка на награди и признанија кои беа доделени на манифестациите организирани и одржани во Општината. Останатите видови на расходи во 2008 година беа извршени многу пониско од планираното извршување, а дел од планираните трошоци воопшто и не беа извршени.

Вкупните расходите за финансирање на **Програмата за Општинската администрација** во 2008 година беа извршени во износ од 46.461.600,00 денари и истите беа остварени со 57,29% во однос на предвидените со Буџетот за 2008 година кои изнесуваа 81.093.500,00 денари. Повисоко остварување во однос на планираните беше извршувањето на следните расходите : за телефон и телефакс во износ од 1.909.500,00 денари со индекс од 106,1%, за материјали за АОП во износ од 324.450,00 денари со индекс од 108,5%, за поправки и сервисирање на лесни возила во износ од 382.050,00 денари со индекс ос 127,4%, за услуги за обезбедување на објекти во износ од 92.000,00 денари со индекс од 84,0%, за други договорни услуги во износ од 1.331.650,00 денари со индекс од 111,0% и за други оперативни расходи во износ од 886.700,00 денари со индекс од 97,4%. Капиталните трошоци на општината во 2008 година беа реализирани во износ од 1.863.200,00 денари и во однос на планираните беа остварени со индекс од 14,5%.

За финансирање на **Програмата за урбанистичко планирање и уредување на просторот** во 2008 година беа потрошени вкупно 135.708.450,00 денари или 85,5% во однос на планот за 2008 година кои изнесува 158.675.000,00 денари. Во рамките на оваа програма расходите за финансирање на потпрограмата урбанистичко планирање беа реализирани во износ од 11.786.100,00 денари со индекс од 47,4% во однос на планираните, расходите за финансирање на потпрограмата урбанизирање на градежно земјиште беа реализирани во износ од 183.950,00 денари со индекс од 9,2% во однос на планираните и расходите за финансирање на потпрограмата уредување на градежно земјиште беа реализирани во износ од 123.738.400,00 денари со индекс од 93,9% во однос на планираните.

**Пограмата за комунални дејности** во 2008 година бележи извршување во износ од вкупно 64.632.950,00 денари или со 90,9% во однос на планот за 2008 година кој изнесува 60.113.000,00 денари. Во рамките на оваа програма кај подпрограмата јавно осветлување беа извршени расходи во износ од 36.918.000,00 денари со индекс од 99,78% и кај подпрограмата за изградба и реконструкција на локалните патишта беа остварени расходи во износ од15.355.250,00 денари, односно со 99,71% во однос на планот. Кај сите останати подпрограми од оваа програма трошењето на средствата во 2008 година беше релативно ниско во однос на планираните расходи.

Однапред изнесеното може да се констатира дека **трошењето на средствата на Основниот буџет** на Општината Гази Баба за 2008 година беше извршено наменски во рамките на планираните и на расположивите средства. Минималните отстапувања кај оделните ставки укажуваат на тоа дека во наредниот период трошењето на средствата ќе се врши во рамките на остварените приходи.

Во делот на извршувањето на **расходите од блок дотациите** во 2008 година може да се констатира дека ресорните министерства редовно вршеа префрлање на средствата за блок дотациите за финансирање на активностите на основните училишта и детските градинки. Во 2008 година основните училишта и детските градинки беа оствариле расходи во вкупен износ од 245.819.950,00 денари, односно 96,5% од планираните трошења на средства, што придонесе за извршување на планираните активности кај овие корисници. При тоа во во основните училишта беа реализирани расходи во вкупен износ од 194.954.800,00 денари, односно 97,2 од планираните расходи, а во детските градинки беа реализирани расходи во вкупен износ од 50.865.150,00 денари, односно со индекс од 93,9%.

Врз основа на презентираните податоци за остварување на приходите и извршување на расходите на буџетот на Гази Баба за 2008 година може да се констатира дека во целина остварувањето на приходите бележи тенденција на повисока реализација во однос на предходните години со индекс од 245,25% во однос на 2007 година. Особено кај оделни видови на приходи кои во 2007 година имаа ниско остварување како на пример кај данокот на имот, каде зголемувањето изнесува од 286,5% и кај надоместокот за уредување на градежното земјиште каде има зголемување од 235,7% во однос на 2007 година. Се очекува во 2009 година овој тренд да продолжи особено кај приходите од данок на имот и од надоместок за уредување на градежно земјиште што е доста значајно бидејќи нивното учество во вкупните приходи е високо што влијае на остварувањето на вкупните приходи. Ваквото остварување на приходите во 2008 година овозможи плаќање на заостанатите долгови и камати ( посебно кон ЕВН за уличното осветлување од 2002 до 2005 година) и повисока реализација на тековните програмските активности што придонесе да дојде до зголемено извршување на расходите кои во однос на 2007 година бележат индекс од 257,14%.

## 3. Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност

Состојбата на средствата и на изворите на средствата на 31.12.2008 година согласно изготвениот Биланс на состојбата е следната:

| Ред. број | ПОЗИЦИЈА | Состојба со 31,12,2007 година | Состојба со 31,12,2008 година | ИНДЕКС 4/3 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | **I - Постојни средства** | | | |
| | **Нематеријални средства** | | | |
| | **Вкупно** | 0,00 ден. | 4.153.922,00 ден. | 0,0% |
| | **Материјални срeдства** | | | |
| 1 | Градежни објекти | 6.757.170,00 ден. | 74.227.003,00 ден. | 1098,5% |
| 2 | Опрема | 5.620.164,00 ден. | 6.410.904,00 ден. | 114,1% |
| | **Вкупно** | 12.377.334,00 ден. | 80.637.907,00 ден. | 651,5% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Парични средства и побарувања** | | | |
| 3 | Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 234.727,00 ден. | 220.451,00 ден. | 93,9% |
| 4 | Побарувања од вработени | 62.484,00 ден. | 62.484,00 ден. | 100,0% |
| 5 | Други активни временски разграничувања | 40.918.561,00 ден. | 41.099.966,00 ден. | 100,4% |
| | **Вкупно** | 41.215.772,00 ден. | 41.382.901,00 ден. | 100,4% |
| | **Материјали,Резервни делови и ситен инвентар** | | | |
| 6 | Ситен инвентар | 0,00 ден. | 0,00 ден. | 0,0% |
| | **Вкупно** | 0,00 ден. | 0,00 ден. | 0,0% |
| | **Севкупно постојни средства** | 53.593.106,00 ден. | 126.174.730,00 ден. | 235,4% |
| | **II- Извори на средства** | | | |
| | **Извори на деловни средства** | | | |
| 7 | Државен- јавен капитал | 12.377.334,00 ден. | 80.637.907,00 ден. | 651,5% |
| | **Вкупно** | 12.377.334,00 ден. | 80.637.907,00 ден. | 651,5% |
| | **Тековни обврски** | | | |
| 8 | Краткорочни обврски спрема добавувачи | 39.487.576,00 ден. | 39.347.739,00 ден. | 99,6% |
| 9 | Краткорочни обврски за плати и др.обврски спрема вработените | 1.430.985,00 ден. | 1.752.227,00 ден. | 122,4% |
| 10 | Пасивни временски разграничувања | 297.211,00 ден. | 4.436.857,00 ден. | 1492,8% |
| | **Вкупно** | 41.215.772,00 ден. | 45.536.823,00 ден. | 110,5% |
| | **Севкупно извори на средства** | 53.593.106,00 ден. | 126.174.730,00 ден. | 235,4% |

Состојбата на вкупно **постојаните средства** на Општина ,,Гази Баба,, на 31.12.2008 година е 126.174.730,00 денари од кои: нематеријалните средства изнесуваат 4.153.829,00 денари, материјалните средства изнесуваат 80.637.907,00 денари; паричните средства и побарувањата изнесуваат 41.382.901,00 денари.

Во наведениот износ на **нематеријалните средства** најголемиот дел на средства во вкупен износ од 3.955.682,00 денари припаѓа на евидентираните инвестиции во тек, кои произлегуваат од започнатите незавршени инфраструктурни активности во 2008 година.

Во прикажаните износи на **материјалните средства** на општината најголемиот дел на средства претставуваат градежните објекти во вкупен износ од 74.227.003,00 денати (улици, тротоари, паркиралишта, детски игралишта, водоводи), а износот од 6.410.904,00 денари е вкупната вредност на опремата (возила, косилки, метларки, компјутерската опрема, клима уреди, канцелариска и друга опрема).

Во **паричните средства и побарувања** се содржани побрувањата за дадени аванси депозити и кауции во вкупен износ од 220.451,00 денари (салдото од набавените бонови за гориво и утужените невратени аванси од поранешни вработени кои се исплатени пред 31.03.2005 година); побарувањата од вработени во вкупен износ од 62.484,00 денари (салдото од касата ) и други активни временски разграничувања во вкупен износ од 41.099.966,00 денари ( неисплатената плата за декември и неплатените обврски ).

Состојбата на **изворите на средствата** е со следната структура: државниот капитал изнесува 80.637.907,00 денари; тековните обврски изнесуваат 45.536.823,00 денари.

## 4. Извештај за користењето на средствата од тековните резерви

Со Буџеторт на Општина ,,Гази Баба,, за 2008 година во **Програмата на Советот на Општината** се предвидени средства за тековни резерви во вкупен износ од 600.000,00 денари.

Користењето на овие средства е регулирано со Одлуката за извршување на Буџетот за 2008 година за следните намени: расходи настанати од елементерни непогоди предизвикани од виша сила, помош при лекување, издавање книги, разни спонзорства, хуманитарни потреби, комеморации и други недефинирани трошоци кои не се предвидени со Буџетот за 2008 година.

Од предвидените средства за овие намени од тековните резерви на Буџетот на Општина ,,Гази Баба,, за 2008 година се искористени средствата во вкупен износ од 210.000,00 денари и тоа за следните намени:

- Во 2008 година е извршена исплата на средства од тековните резерви на Меѓународната фондација Тоше Проевски од Крушево во износ од 200.000,00 денари наменети за изградба на манастир ,,Свето Преображение,, Крушево по Одлука на Советот на Општина ,,Гази Баба,, број 07-5256/6 од 21.12.2007 година

- Извршена е исплата на средства од тековните резерви на МПЦ Митрополија Скопска во износ од 10.000,00 денари наменети за изградба на манастир ,,Свети Никола,, с.Булачани по Решение на Градоначалникот број 08-2487/1 од 20.05.2008 година

Од горе наведеното може да се констатира дека во 2008 година е извршено наменско користењето на средствата од тековните резерви.

Прилог:

- Квартален извештај за извршување на Буџетот на
  Општина Гази Баба за четврти квартал 2008 година